Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

99 години

Број 465 www.mchamber.mk 03.9.2021




# Учество на Стопанската комора на Северна Македонија на Првата годишна конференција на тема: „Економско заздравување и раст по Ковид“ во рамки на „Економски и финансиски форум“

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

## СТАНДАРД Покровители

## СИЛВЕР Покровители




**Посетете не’ на веб-порталот: www.mchamber.mk**

ISO 9001:2015

**Стопанската комора на Северна Македонија ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ со новиот стандард ISO 9001:2015**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# Средба на раководството на Стопанската комора на Северна Македонија со амбасадорот на Финска




Денес, во просториите на Стопанската комора на Северна Македонија, извршниот директор на Комората м-р Антони Пешев, одржа состанок со претставници од амбасадата на Финска, и тоа со амбасадорот г-дин Кимо Лахдевирта и советникот за трговија – Балкански регион г-дин Јанне Сикко. На состанокот со виртуелна врска се вклучи и претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија г-дин Бранко Азески.

На средбата се говореше за економската соработка помеѓу Северна Македонија и Финска, која што двете страни оценија дека има голем потенцијал, особено со нејзиното интензивирање во последните две години. Се разговараше за можности и начини на интензивирање истата, за презентирање на Северна Македонија како бизнис партнер на финските компании, кои што, по оценка на амбасадорот, не се доволно запознаени со економскиот потенцијал и можностите за инвестиции во нашата земја.

Во насока на оценката на потенцијалите, амбасадорот истакна дека со приближувањето и усогласувањето на Македонија на патот кон Европската Унија, се приближуваат и можностите за бизнис со Финска, која што е и ќе биде поддржувач на Северна Македонија во овој процес.

Претседателот Азески истакна дека Стопанската комора на Северна Македонија, како најголема и најстара коморска организација во земјата, е подготвен и сигурен партнер за соработка во интензивирањето на соработката, особено преку учеството во Коморскиот Инвестициски Форум и поддршката на економскиот развој на регионот, притоа создавајќи и поддржувајќи поволна бизнис клима која овозможува привлекување и одржување на развојни инвестиции.

# Учество на Стопанската комора на Северна Македонија на Првата годишна конференција на тема: „Економско заздравување и раст по Ковид“ во рамки на „Економски и финансиски форум“




**Министерството за финансии на 6 и 7 септември 2021 година во Скопје ја организира Првата годишна конференција „Економско заздравување и раст по Ковид“ во рамки на „Економски и финансиски форум“**

Учество на Стопанската комора на Северна Македонија на Првата годишна конференција на тема: „Економско заздравување и раст по Ковид“ во рамки на „Економски и финансиски форум“

Високи гости од меѓународни финансиски институции, владини претставници од земјата и регионот, експерти, претставници на невладиниот и на бизнис-секторот ќе имаат можност два дена да споделуваат искуства, да разменуваат идеи и да дадат одговори за глобалните и регионалните перспективи на постпандемиското закрепнување и раст.

Конференцијата ќе ја отворат министерот за финансии, Фатмир Бесими и претседателот на Владата, Зоран Заев, по што ќе се одржат две панел-дискусии на коишто високи претставници треба да ги претстават своите видувања на темата, а нивните излагања треба да дадат одговори на клучни прашања-како можат политиките најдобро да го поддржат растот; кои се главните предизвици за одржување на безбедноста во светот што се менува; кои фискални и монетарни мерки им помогнаа на бизнисот и на работните места; како и кои се ризиците од предвременото повлекување на фискалните стимулирачки мерки.

На првата панел-дискусија насловена „Глобални и регионални предизвици и изгледи за опоравување и раст“, свои обраќања ќе имаат Ана Бјерде, потпретседател на Светска банка за Европа и Централна Азија, Кејт Мери Брнз, амбасадор на САД во РС Македонија, Ендру Вајт од Оксфордскиот универзитет, заменик-претседателот на Влада, Артан Груби, министерката Радмила Шеќеринска, Мајлинда Брегу, генерален

секретар на РСС, како и Хаолианг Ху од УНДП.

На втората панел-дискусија ќе се дебатира на тема „Макроекономските политики и јавните финансии во време на пост-пандемија", а говорници ќе бидат министерот за финансии, Фатмир Бесими, министрите за финансии на Косово и на Албанија, Хекуран Мурати и Анила Денај, гувернерката на НБРСМ Анита Ангеловска-Бежоска, регионалниот директор на СБ за Западен Балкан, Линда Ван Гелдер, Алфред Камер од ММФ и претседателот на Комисијата за финансирање и буџет во Собранието на РСМ, Тимчо Муцунски.

„Добро владеење и социјална кохезија" е насловот на третата панел-дискусија, на којашто свое обраќање ќе имаат министрите за внатрешни работи и за правда во Владата на РСМ, Спасовски и Маричиќ, вицепремиерот Николовски, како и Дејвид Гир, амбасадор на ЕУ во РС Македонија, амбасадорката на Велика Британија, Рејчел Галовеј и Барбара Колм, заменик-претседател на Австриската централна банка.

Вториот ден од Конференцијата е посветен на јавните и приватните инвестиции и конкурентноста, зелената економија, како и човечкиот капитал и инклузивен развој, а воведни обраќања ќе имаат претседателот на државата, Стево Пендаровски и градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов.

На четвртата панел-дискусија на тема „Јавни и приватни инвестиции и конкурентност", се очекува да бидат презентирани идеи за можностите за поголема инволвираност на приватниот сектор. Говорници ќе бидат вицепремиерот Фатмир Битиќи, потпретседателот на ЕИБ, Лилјана Павлова, потпретседателот на ЕБРД, Јурген Ригтеринг, министрите Бектеши и Бочварски, регионалниот директор на ИФЦ за Централна и Југоисточна Европа, Ари Наим, како и претставниците на трите најголеми стопанските комори, Високи гости од меѓународни финансиски институции, владини претставници од земјата и регионот, експерти, претставници на невладиниот и на бизнис-секторот ќе имаат можност два дена да споделуваат искуства, да разменуваат идеи и да дадат одговори за глобалните и регионалните перспективи на постпандемиското закрепнување и раст.

Конференцијата ќе ја отворат министерот за финансии, Фатмир Бесими и претседателот на Владата, Зоран Заев, по што ќе се одржат две панел-дискусии на коишто високи претставници треба да ги претстават своите видувања на темата, а нивните излагања треба да дадат одговори на клучни прашања-како можат политиките најдобро да го поддржат растот; кои се главните предизвици за одржување на безбедноста во светот што се менува; кои фискални и монетарни мерки им помогнаа на бизнисот и на работните места; како и кои се ризиците од предвременото повлекување на фискалните стимулирачки мерки. (*повеќе*)

# Преку кампањата „Нови дресови за нови шампиони“ донирана спортска опрема на локални клубови



Во рамки на кампањата „Нови дресови за нови шампиони“ компанијата „Mozzart“ обезбеди комплетна спортска опрема за повеќе од 70 мали спортски колективи низ државава. Како што информираат од компанијата, направени се повеќе од 2.000 дресови.

-Нашата цел е преку оваа кампања да ги поддржиме локалните спортски клубови, а со тоа да придонесеме кон развојот на домашниот спорт. Настојуваме да ги опфатиме сите категории, од најмалите јуниори до искусните сениори, женски и машки клубови од различни спортови меѓу кои фудбал, кошарка, ракомет, одбојка и др. Продолжуваме и понатаму со оваа кампања која носи надеж помеѓу спортистите и им посакуваме многу нови успеси на патот кон врвот, стои во соопштението.

Опрема им е донирана на фудбалски, кошаркарски, ракометни и одбојкарски клубови и опфатени се различни категории, од клубови кои играат рекреативно до клубови кои се натпреваруваат во некоја професионална лига.

# СЕ ОТВОРИ НОВА ФАРМАЦЕВТСКА ПАРАЛЕЛКА - по иницијатива на „Алкалоид“ ќе се учи додека се работи во фабриката



Паралелката Фармацевтски техничар во фармацевтска индустрија е промовирана денеска во средното медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје. Станува збор за ново занимање кое е прво во земјава и во регионот.

– Министерството за образование (МОН) ја отпочна кампањата „Учи паметно, работи стручно“ како одговор на потребите на стопанството, а воедно и како резултат на дефицитот на стручни работници во компаниите во национални рамки. Во проектот дуално образование се вклучени 46 средни стручни училишта кои ќе понудат голем број различни струки кои одговараат на потребите на локалниот пазар на трудот. Следејќи го овој тренд минатата година беше формирана работна група која ја креираше наставната програма за новото занимање „Фармацевтски техничар во фармацевтска индустрија“. Наставната програма е адаптирана на потребите на секторот фармацевтска индустрија и е наменета за учениците од трета и четврта година од секторот здравство и здравствена заштита во средното стручно образование.

Од многубројните пријавени биле селектирани 23 најдобри ученици за новоформирата паралелка. Наставата ќе се одвива во училиштето и во „Алкалоид“ АД Скопје, а ќе ја водат стручни наставници и сертифицирани ментори.

– Тоа значи дека учениците ќе бидат директно вклучени во работниот процес со што ќе се стекнат со потребните практични знаења, вештини, компетенции што ќе им овозможат вработување по завршување на средното образование. Компанијата ќе обезбеди заштитна опрема, систематски прегледи, топол оброк и месечна стипендија од по 3.000 денари за секој од овие ученици во текот на нивното школување.

# Законот за заштита на личните податоци и неговата примена, предмет на состанокот со министерот за правда Бојан Маричиќ



**Првите шест месеци од имплементацијата на новиот Законот за заштита на личните податоци ќе бидат искористени за едукација и корективни мерки**

Законот за заштита на личните податоци и неговата примена, предмет на состанокот со министерот за правда Бојан Маричиќ

На состанокот кој се одржа во Министерството за правда е појаснет начинот за имплементација на Законот за заштита на личните податоци и е појаснето дека првите шест месеци од имплементацијата на новиот Законот за заштита на личните податоци ќе бидат искористени за едукација и корективни мерки. На средбата на министерот за правда Бојан Маричиќ со засегнатите страни, односно извршниот директор на Стопанската комора на Северна Македонија, м-р Антони Пешев, претставник на Македонската банкарска асоцијација, претставник на Сојузот на Стопански комори, како и Агенцијата за заштита на личните податоци, по искажаната загриженост од страна на компаниите во однос на спроведување на новиот Закон, е појаснето дека во првите шест месеци од стапување на сила на истиот, Агенцијата за заштита на личните податоци на терен при своите суперевизии ќе делува едукативно, односно со корективни мерки. Ова се прави со цел на компаниите да им помогне целосно да ги спроведат новите правила. Дополнително, ако супервизорот утврди прекршување на законот, ќе се даде определен рок во кој субјектот треба да ги

отстрани неправилностите.

Агенцијата во заштита на личните податоци ќе подготви и спроведе обуки за компаниите. Дополнително, ќе се изработи и упатство за правилно спроведување на законот. Агенција ќе отвори и посебна линија за комуникација, која ќе ја користат сите засегнати страни со цел да добијат точни и навремени информации за обврските кои произлегуваат од новиот закон.

По барање на засегнатите страни, во идниот приод ќе се направат и компаративни анализи за висината на казните за прекршоците кои произлегуваат од новиот закон, а доколку се утврди реална потреба за нивно менување, повторно ќе се отвори дијалог.

Со ваквото појаснување се излегува во пресрет на барањата на компаниите, а преку новиот Закон ќе се гарантира заштита на личните податоци на граѓаните.

Република Северна Македонија
Министерство за правда

**Првите шест месеци од имплементацијата на новиот Законот за заштита на личните податоци ќе бидат искористени за едукација и корективни мерки**

На состанокот кој утрово се одржа во Министерството за правда е појаснет начинот за имплементација на Законот за заштита на личните податоци и е појаснето дека првите шест месеци од имплементацијата на новиот Законот за заштита на личните податоци ќе бидат искористени за едукација и корективни мерки. На средбата на министерот за правда Бојан Маричиќ со засегнатите страни, односно претставниците на Стопанската комора на Северна Македонија, Македонската банкарска асоцијација, претставник на Сојузот на Стопански комори, како и Агенцијата за заштита на личните податоци, по искажаната загриженост од страна на компаниите во однос на спроведување на новиот Закон, е појаснето дека во првите шест месеци од стапување на сила на истиот, Агенцијата за заштита на личните податоци на терен при своите суперевизии ќе делува едукативно, односно со корективни мерки. Ова се прави со цел на компаниите да им помогне целосно да ги спроведат новите правила. Дополнително, ако супервизорот утврди прекршување на законот, ќе се даде определен рок во кој субјектот треба да ги отстрани неправилностите.

Агенцијата во заштита на личните податоци ќе подготви и спроведе обуки за компаниите. Дополнително, ќе се изработи и упатство за правилно спроведување на законот. Агенција ќе отвори и посебна линија за комуникација, која ќе ја користат сите засегнати страни со цел да добијат точни и навремени информации за обврските кои произлегуваат од новиот закон.

По барање на засегнатите страни, во идниот приод ќе се направат и компаративни анализи за висината на казните за прекршоците кои произлегуваат од новиот закон, а доколку се утврди реална потреба за нивно менување, повторно ќе се отвори дијалог.

Со ваквото појаснување се излегува во пресрет на барањата на компаниите, а преку новиот Закон ќе се гарантира заштита на личните податоци на граѓаните.

Со почит,

**Министерство за правда**
https://www.pravda.gov.mk/


video
example
software
easily
participant
electronic
time
teaching
information
courses
term online
education
social
content
objects
assessment
online
web
example
student
E-LEARNING
knowledge
computers
support
software
virtual
electronic
system
work
cost
internet software
elearning
example
assessment
classroom
system work
devices
video

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси



Семинар
14.09.2021

# НАПРЕДЕН MICROSOFT POWER POINT ЗА ДЕЛОВНИ КОРИСНИЦИ

На онлајн семинарот ќе се обработува користењето на програмот Microsoft PowerPoint кој е дел од програмскиот пакет за канцелариско работење Microsoft Office.

Семинарот ќе се реализира преку практично работење на која се изучуваат сите опции од програмот. Учесниците на онлајн семинарот ќе се здобијат со практични знаења од областа на програмот Microsoft PowerPoint и ќе научат практично да ги користат сите опции и да изработуваат најразлични презентации.

За учество на онлајн семинарот неопходно е да имате компјутери на кои е инсталиран програмот Microsoft PowerPoint. Ќе се работат голем број практични вежби смислени специјално за потребите на програмата.

**Предавач:** Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство. Во својата долгогодишна универзитетска кариера бил на раководни факултетски и универзитетски позиции како Ректор на Европскиот универзитет – Република Македонија, Проректор на Европскиот универзитет – Република Македонија и Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, декан на Економски факултет при Европскиот универзитет – Република Македонија, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Универзитетот "Свети Апостол Павле" во Охрид и на Економскиот факултет на Универзитетот во Валенсија, Шпанија. Покрај универзитетската кариера предава на обуките за брокери и за инвестициски советници организирани од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. Успешно раководи со првата бизнис клиника во нашата земја "Business Clinic DB".

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Семинар**
**21.09.2021**

# МАГАЦИНСКОТО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ НИЗ ПРИЗМА НА ДАНОЧНА РЕГУЛАТИВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ИЗРАЗЕНО ПРЕКУ ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ И ПРИМЕНА НА МСС СТАНДАРДИТЕ

Целта на семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на Законската регулатива, МСС и нивно спроведување во магацинското и материјалното работење, оформување документација, прием, издавање и евидентирање на истото, изготвување на калкулации и попис.

**Предавач:** - Зоран Лазароски, дипломиран економист специјалност финансии и сметководство, со 30-годишно искуство во областа на финансиското работење.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Семинар**
**22.09.2021 - 23.09.2021**

# УПРАВУВАЊЕ СО СОФТВЕРСКИТЕ ИЗМЕНИ

Развојот на софтвер претставува двигател за развој, иновации и конкурентност. Во изминатите години развојот на софтвер ја издигна ИТ индустријата, а голем дел од компаниите се фокусираа и кон извоз на софтвер и ИКТ услуги и надвор од границите на домашната економија. Оттука целосниот процес на развивање на софтверско решение е од особена важност за да се осигура испорака на производ кој има голема вредност за клиентот и корисниците, гарантирајќи дека се запазени сите фази и чекори од генерирање на барањето со потребните функционалности, до развој, тестирање и испорака до клиентот.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 22 и 23 септември 2021 година организира дводневен „онлајн" семинар на тема: „УПРАВУВАЊЕ СО СОФТВЕРСКИТЕ ИЗМЕНИ".

Во рамки на семинарот ќе биде разгледан конкретен развој на нови или измена на постоечки софтверски решенија. Детално ќе бидат разработени сите процеси кои се важни како што се процесот на управување со измените (развој), тестирање и пуштање во продукција. Накратко ќе биде анализирана врската помеѓу овие процеси со други значајни ИТ процеси како што се управување со настани, инцидентни, проблеми итн. Ќе бидат обработени и барањата и одговорностите кои се неопходни за да би се овозможила независност при развој, тестирање и пуштање во продукција

Предавач:
Лука Милинковиќ, ИТ-ревизор во „НЛБ Банка"-Белград,

**Контакт лица:**

| | |
|---|---|
| **м-р Анита Митревска** | **Михајло Донев** |
| **++ 389 2 3244057** | **++ 389 2 3244067** |
| **anita@mchamber.mk** | **Mihajlo@mchamber.mk** |

**Семинар**
**23.09.2021**

# НАПРЕДНИ ПИВОТ ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ ВО ЕКСЕЛ

Пивот табелите во Ексел спаѓаат во најважните алатки во деловното планирање, микроекономската анализа и носењето на одлуки. Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме пивот табелите, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

Саем 28.02.2022 - 02.03.2022

# Саемска манифестација: „International Food and Drink Event (IFE)“

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи на РСМ и со Амбасадата на РСМ во Лондон, ве поканува да учествувате на претстојниот саем International Food and Drink Event (IFE), кој ќе се одржи од 28 февруари до 2 март 2022 година во Саемскиот центар „Лондон ExCel“.

Поради условите што се наметнати од пандемијата предизвикана од КОВИД 19, настанот (првично предвиден за март 2021 година) се презакажува за нов датум – од 28 февруари до 2 март 2022 година.

Настанот претставува одлична можност за презентација на македонските производители на храна и на пијалаци во Обединетото Кралство и пред другите странски иновативни и глобални производители и купувачи кои ќе бидат присутни.

**Предности зошто да учествувате на саемот**

Учество на 1000 малопродажни купувачи. Пазарот на мало предвидено е да порасне за 10 % во следните 3 години. IFE има моќ за привлекување на сите најголеми трговци на мало во Велика Британија.

Сериозност во деловните потфати. Изложувачите на IFE 2019 се очекува во просек да генерираат 223.000 фунти од деловното работење, засновано врз состаноците и врз првичните разговори што се одржаа.

Седум настапи во еден. Предвидено е да се обединат IFE Manufacturing Solutions; The Hotel, Restaurant & Catering Show; The London Produce Show; European Coffee Expo; The UK Pub Show, како и Festival of Enterprise, креирајќи годишен настан за храна, пијалаци и за услуга каде што е сѐ на едно место. Се очекува повеќе од 2 000 изложувачи да ги презентираат своите производи и услуги со повеќе од 45.000 присутни.

IFE е единствената трговска изложба за храна и за пијалаци поддржана од Владата на Велика Британија. Главни спонзори на настанот се Одделот за животна средина и рурални работи и Одделот за меѓународна трговија, притоа поставувајќи го настанот високо на агендата на прехранбената индустрија во Велика Британија.

Сите заинтересирани учесници за саемот, со пријава и со резервација на штанд до 18 декември 2020 година, ќе добијат повластени цени и добра локација на штандот.

Подетални информации во врска со настанот можете да најдете на нивната официјална веб-страница: https://www.ife.co.uk/.

**Контакт лица:**

**Васко Ристовски**
**++ 389 2 3244014**
**vasko@mchamber.mk**

**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ




## НАША ЦЕЛ

- давање поддршка за имплементирање на меѓународните стандарди со цел полесен пристап на фирмите на европските пазари и зголемување на деловната активност со партнерите,
- обезбедување на ажурирани податоци и информации од областа на квалитетот, стандардите , а од интерес на фирмите,
- унапредување на знаењата и искуствата со цел подобрување на перформансите на работењето на фирмите

**Контакт:**
Емилија Тодоровска
Телефон: +389 02 3244047
Факс: + 389 02 3244088
emilija@mchamber.mk
www.mchamber.mk

Стопанска Комора на Северна Македонија
ул.”Димитрие Чуповски” бр. 13
Скопје , Република Северна Македонија

## НАШИ АКТИВНОСТИ

**Консултантски услуги** за :
- имплементација на Систем за управување со квалитет согласно **ISO 9001:2015**;
- имплементација на **HACCP** (систем за анализа на ризици и критични контролни точки);
- имплементација на Систем за управување со безбедна храна согласно **ISO 22000:2018**;
- имплементација на Систем за управување со животната средина согласно **ISO 14001:2015**;
- имплементација на **HALAL стандард**;
- имплементација на Систем за управување со здравје и безбедност при работа, согласно **ISO 45001:2018.**

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD ISO 9001:2015

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете не' на веб-порталот:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

99 години
Основана 1922

**Дизајн и графичка обработка**

Стево Серафимов
тел: : (02) 3244032,  stevo@mchamber.mk

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088